**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

Бр.08-589/3
Од 13.04.2017г.

# ЗАПИСНИК

На ден 13.04.2017 година (четврток) во просториите на Домот на култура во Илинден со почеток во 14:00 часот се одржа работен состанок на работното тело на Форумот за локален економски развој на Општина Илинден.

Состанокот го отвори Градоначалникот Жика Стојановски и ја предложи следнава агенда за работа:

1. Избор на работни тела и претседател на Форумот за локален економски развој на Општина Илинден и
2. усвојување на деловник за работа на Форумот за локален економски развој на Општина Илинден.

Градоначалникот на членовите на работното тело на форумот ги објасни причините и потребите за изработка на Деловникот за работа на Форумот за ЛЕР согласно барањата од стандардот БФЦ-бизнс пријателска општина. Потоа истакна дека Форумот за Локален еконоски развој кој е формиран 2005 година функционира континуирано и дека развојот на општинта и сите стратешки документи се реалзиарат во соработка со членовите на Форумот кој брои околу 180 стопанственици од општина Илинден.

Но согласно барањата на ссертификатот потребно е да се донесе деловник за работа и да се избере претседател на форумот.За таа цел тој предложи да се формира комисија од присутните членови кои ќе изберат претседател, заменик претседател и секретар на Форумот за ЛЕР на Општина Илинден.

Работното тело се конституираше и го сочинуваат членови на бизнис секторот и тоа Сашо Трајковски-Сатра Страшко Јакимовски –Дени интрнационал и Ивица Виљац –Ман Инпортер Македонија.

Потоа се прејде кон избор на на претседател, потпретседател и секретар на Форумот за локален економски развој.

По развиена дискусија и едногласно се избра Тоде Атанасовски за претседател, Ненад Јаневски за потпретседател и Дејанче Богдановски за секретар на Форумот за локален економски развој каде беше посочено дека

секретарот заради работењето на формот потребно е да биде од делот на вработени од општинска администрација.

Со изборот на Претседателот, заменик претседателот и Секретартот на форумот се премина на усвојување на Деловникот за кој немаше дискусија и беше едногласно усвоен.

Со исцрпување на точките од агендата заврши работен состанок на Форумот за локален економски развој во 15 часот.

Записничар:
Дејан Богдановски